ПРЕДЛОГ-НАЦРТ

Врз основа на Предлог Одлуката бр.0202/335 од 25.05.2023 година на Управниот одбор на Институтот, а вв со член 19 став 1 точка 8 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители и член 17 став 12 точка 6 од Законот за вршење сметководствени работи (Службен Весник бр.173 од 01.08.2022 година) Собранието на Институтот на седницата одржана на ден 20.06.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
# ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИНСТИТУТОТ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ ЧЛАНАРИНА

## Член 1

Со оваа одлука се врши ослободување на членовите на Институтот на сметководители и овластени сметководители од обврската за исплата на месечна членарина за време на нефункционалност на органите на Институтот сметано од 01.07.2021 заклучно со 31.08.2022 година.

## Член 2

Членовите на Институтот на сметководители и овластени сметководители **СЕ ОСЛОБОДУВААТ од обврската за плаќање на месечна членарина сметано од 01.07.2021 година заклучно со 31.08.2022 година (14 месеци).**

## Член 3

Членовите на Институтот на сметководители и овластени сметководители **кои во периодот од 01.07.2021 година заклучно со 31.08.2022 година ја имаат подмирено месечната обврската за плаќање на членарина, уплатените износи на име членарина ќе се сметаат за авансно плаќање на месечна членарина за наредени месеци почнувајки од 01.09.2022 година па во иднина.**

## Член 4

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Институтот во рок од 48 часа од нејзиното усвојување.

## Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија.

Претседавач на Собрание
-име и презиме-